**20170561114**

**АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО**

Врз основа на член 59, став (9) алинеја 5 од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 129/15, 213/15 и 39/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОСЕБНИТЕ БАРАЊА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА РЕЦИКЛИРАНИТЕ ПЛАСТИЧНИ ПРОИЗВОДИ И МАТЕРИЈАЛИ ШТО ДОАЃААТ ВО КОНТАКТ СО ХРАНАТА, ПОСТАПКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОЦЕСИТЕ НА РЕЦИКЛИРАЊЕ НА ПЛАСТИЧНИ ПРОИЗВОДИ И МАТЕРИЈАЛИ ШТО ДОАЃААТ ВО КОНТАКТ СО ХРАНАТА И ОЗНАЧУВАЊЕТО НА РЕЦИКЛИРАНИТЕ ПЛАСТИЧНИ ПРОИЗВОДИ И МАТЕРИЈАЛИ ШТО ДОАЃААТ ВО КОНТАКТ СО ХРАНАТА ([*])

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат посебните барања за безбедност на рециклираните пластични производи и материјали што доаѓаат во контакт со храната, постапката за одобрување на процесите на рециклирање на пластични производи и материјали што доаѓаат во контакт со храната и означувањето на рециклираните пластични производи и материјали што доаѓаат во контакт со храната.

Член 2

(1) Одредбите на овој правилник се однесуваат на пластични материјали и производи и делови од нив наменети да стапат во контакт со храната од член 2 од Правилникот за посебните барања за безбедност на пластичните материјали и производи што доаѓаат во контакт со храната[2] кои содржат рециклирана пластика (во понатамошниот текст „рециклирани пластични материјали и производи").

(2) Одредбите на овој правилник не се однесуваат на следните пластични материјали и производи, под услов тие да се произведени според добра производна пракса, како што е утврдено во Правилникот за општите барања за безбедност на материјалите и производите што доаѓаат во контакт со храната[1]:

(а) рециклирани пластични материјали и производи произведени од мономери и почетни супстанции, добиени со хемиска де -полимеризација на пластични материјали и производи;

(б) рециклирани пластични материјали и производи произведени од неискористени отпадоци при производство на пластика и/или отпадни материјали од процесот на производство на пластика согласно Правилникот за посебните барања за безбедност на пластичните материјали и производи што доаѓаат во контакт со храната[2], кои се рециклираат во самиот објектот за производство на пластика или на друго место и

(в) рециклирани пластични материјали и производи, во кои рециклираната пластика се користи зад пластична функционална бариера, како што е утврдено со Правилникот за посебните барања за безбедност на пластичните материјали и производи што доаѓаат во контакт со храната[2];

---

([*]) Со овој правилник се врши усогласување со Регулативата на Комисијата (ЕЗ) бр. 282/2008 од 27 март 2008 година за рециклирани пластични материјали и предмети одредени да стапат во контакт со храна и изменување наРегулатива (ЕЗ) бр. 2023/2006, CELEX број 32008L0282.

(3) Одредбите на Правилникот за посебните барања за безбедност на пластичните материјали и производи што доаѓаат во контакт со храната[2] и понатака се однесуваат на пластичните материјали и производи кои спаѓаат во опсегот на овој правилник.

Член 3

(1) Поимите дефинирани во Правилникот за општите барања за безбедност на материјалите и производите што доаѓаат во контакт со храната[1] и Правилникот за посебните барања за безбедност на пластичните материјали и производи што доаѓаат во контакт со храната[2] се применуваат и во овој правилник.

(2) Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

(а) „процес на рециклирање“ е процес во кој пластичен отпад се рециклира во согласност со дефиницијата за рециклирање од член 5 точка 9) од Законот за управување со пакување и отпад од пакување[3]; за целите на овој правилник, овој термин е ограничен на процеси во кои се произведува рециклирана пластика;

(б) „суровина од пластика“ се собрани и сортирани употребени пластични материјали и производи кои се користат како влезна суровина во процесот на рециклирање;

(в) „затворен и контролиран производен циклус“ е циклус во кој производите циркулираат со контролиран состав при повторна употреба и дистрибуција и во кои рециклираниот материјал потекнува исклучиво од овие субјекти во синџирот, така што ненамерното внесување на надворешен материјал е сведено на минимум;

(г) „тест на предизвик“ е демонстрација на делотворноста на процесот на рециклирање за да се отстрани хемиската контаминација од пластичните материјали и производи;

(д) „конвертор“ е секое физичко или правно лице одговорно да обезбеди дека деловниот објект под негова контрола ги исполнува барањата за рециклирани пластични материјали и производи пропишани со овој правилник и

(ѓ) „преработувач“е секое физичко или правно лице одговорно да обезбеди дека деловниот објект под негова контрола ги исполнува барањата за процесот на рециклирање пропишани со овој правилник.

Член 4

(1) Рециклирани пластични материјали и производи може да се стават во промет во Република Македонија само ако содржат рециклирана пластика добиена единствено од одобрен процес на рециклирање, во согласност со овој правилник.

(2) Одобрениот процес на рециклирање, од став (1) на овој член, треба да биде управуван со соодветен систем за гаранција на квалитет дека рециклираната пластика е во согласност со барањата поставени во одобрението од член 5 на овој правилник.

(3) Системот за гаранција на квалитет треба да ги исполни деталните правила за добра производна пракса утврдени во Прилог 2 на Правилникот за општите барања за безбедност на материјалите и производите што доаѓаат во контакт со храната[1].

Член 5

За да биде одобрен, процесот на рециклирање треба да ги исполнува следните барања:

(а) квалитетот на суровината од пластика треба да биде дефиниран и контролиран во согласност со критериумите кои гарантираат усогласеност на крајните рециклирани пластични материјали и производи од член 6 на Правилникот за општите барања за безбедност на материјалите и производите што доаѓаат во контакт со храната[1];

(б) суровината од пластика треба да потекнува од пластични материјали и производи произведени во согласност со барањата од Правилникот за општите барања за безбедност на материјалите и производите што доаѓаат во контакт со храната[1] и Правилникот за посебните барања за безбедност на пластичните материјали и производи што доаѓаат во контакт со храната[2];

(в) суровината од пластика треба да потекнува од затворен и контролиран производен циклус што обезбедува дека се користат само материјали и производи кои биле наменети да дојдат во контакт со храна со што се исклучува било какво загадување;

(г) дозволена горна граница на внес на пластика која не е произведена за контакт со храна е 5%;

(д) треба да се докаже со тест за предизвик, или со друг соодветен научен доказ дека процесот може да намали било какво загадување на суровината од пластика до концентрација која не предизвикува последици по здравјето;

(ѓ) квалитетот на рециклираната пластика треба да биде дефиниран и контролиран во согласност со критериумите со кои се обезбедува усогласеност на крајниот рециклиран пластичен материјал и производ од член 6 од Правилникот за општите барања за безбедност на материјалите и производите што доаѓаат во контакт со храната[1] и

(е) треба да воспостават услови на користење на рециклираната пластика со што се обезбедува дека рециклираните пластични материјали и производи се во согласност со член 6 од Правилникот за општите барања за безбедност на материјалите и производите што доаѓаат во контакт со храната[1].

Член 6

(1) Постапката за одобрување пропишана во членовите 9 и 10 од Правилникот за општите барања за безбедност на материјалите и производите што доаѓаат во контакт со храната[1] се применува и за одобрување на процесите на рециклирање.

(2) Техничкото досие кое се приложува кон барањето за одобрување на процес на рециклирање, покрај информациите утврдени во член 10 став (3) алинеја 1 од Правилникот за општите барања за безбедност на материјалите и производите што доаѓаат во контакт со храната, треба да ги содржи и следните информации:

-квалитет на влезниот материјал;

-опис на процесот на рециклирање;

-доказ за ефикасноста на процес на деконтаминација при рециклирање т.н. тест на предизвик и

-информации за крајната намена на рециклираната пластика.

Член 7

(1) Доколку процесот на рециклирање ги исполнува барањата утврдени во член 5 на овој правилник, директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство издава одобрение на процесот на рециклирање во рок од шест месеци од приемот на барањето.

(2) Доколку процесот на рециклирање не ги исполнува барањата утврдени во член 5 на овој правилник, директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство издава решение за одбивање на барањето за одобрение на процесот на рециклирање во рок од шест месеци од приемот на барањето.

(3) Одобрениот процес на рециклирање Агенцијата го евидентира.

Член 8

(1) По одобрувањето на процесот на рециклирање во согласност со овој правилник, носителот на одобрението кој го користи одобрениот процес на рециклирање треба да ги исполнува условите или ограничувањата придружени со одобрението.

(2) Секој конвертор кој користи рециклирана пластика добиена со одобрен процес на рециклирање или секој деловен субјект кој користи материјали и предмети кои содржат рециклирана пластика добиена со одобрен процес на рециклирање треба да ги исполнува условите или ограничувањата придружени со одобрението.

(3) Носителот на одобрението кој го користи одобрениот процес на рециклирање веднаш треба да ја информира Агенцијата за било какви нови научни или технички информации кои може да влијаат на процената на безбедносната на процесот на рециклирање во поглед на здравјето на луѓето.

(4) Доколку има промени во процесот на рециклирање, Агенцијата повторно ја разгледува процената на безбедносната на процесот на рециклирање.

Член 9

Означувањето на рециклираните пластични производи и материјали што доаѓаат во контакт со храната се врши во согласност со член 19 од Правилникот за општите барања за безбедност на материјалите и производите што доаѓаат во контакт со храната[1].

Член 10

Рециклираната содржина во рециклирани пластични материјали и предмети се означува на доброволна основа и треба да ги следи правилата утврдени во МК ИСО 14021:1999 стандардот или друг еквивалентен стандард.

Член 11

(1) Покрај барањата пропишани во членовите 15 и 16 од Правилникот за посебните барања за безбедност на пластични материјали и производи што доаѓаат во контакт со храната[*2], декларацијата за усогласеност на рециклирани пластични материјали и предмети треба да ги содржи информациите од Прилог 1 дел А на овој правилник.

(2) Покрај барањата пропишани во членовите 15 и 16 од Правилникот за посебните барања за безбедност на пластични материјали и производи што доаѓаат во контакт со храната[*2], декларацијата за усогласеност на рециклираната пластика треба да содржи информациите од Прилог 1 дел Б на овој правилник.

Член 12

(1) Деловен субјект кој сака да увезе производи што доаѓаат во контакт со храна, а се добиени од рециклирана пластика треба да обезбеди одобрение од Агенцијата согласно членовите 9 и 10 од Правилникот за општите барања за безбедност на материјалите и производите што доаѓаат во контакт со храната[1], со цел да се утврди дека производите се добиени од одобрени процеси за рециклирање и се безбедни да дојдат во контакт со храна.

(2) Во прилог на барањето за добивање одобрение од ставот (1) на овој член, покрај информациите утврдени во член 10 став (3) од Правилникот за општите барања за безбедност на материјалите и производите што доаѓаат во контакт со храната, деловниот субјект треба да ги приложи и следните документи:

- техничко досие што содржи информации спецфицирани во насока за проценка за безбедноста на супстанцијата, типот на употребената пластика, општ опис на клучните чекори во процесот на рециклирање, посебно оние кои се однесуваат на отстранување на

потенцијалните контаминенти, употребата на рециклираната пластика и нејзиното процентуално учество во крајниот производ, единечна или повторувачка употреба, типот на храната за која ќе се употребува;

- изјава за усогласеност во која има соодветна потврда за исполнување на релевантни барања за рециклирани материјали и производи, утврдени во овој правилник и Правилникот за општите барања за безбедност на материјалите и производите што доаѓаат во контакт со храната[1] за добра производна пракса за материјали и производи од рециклирана пластика, наменети да доаѓаат во контакт со храна;
- објавено мислење од ЕФСА за процесот на рециклирање и
- одобрение од земјата каде е произведен производот што доаѓаат во контакт со храна кој е добиен од рециклирана пластика.

Член 13

Влегување во сила

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се донесе по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија.

Бр. 02-78/3
7 март 2017 година
Скопје

Агенција за храна
и ветеринарство
Директор,
м-р **Зоран Поповски,** с.р.

**Прилог 1**

**ДЕЛ А**

Дополнителни информации во декларацијата за усогласеност за рециклирани пластични материјали и производи

Пишаната изјава од член 11 став (1) на овој правилник треба да ги содржи следните дополнителни информации:

Изјава дека се користи само рециклирана пластика од одобрен процес на рециклирање, во која ќе биде наведен бројот на одобрението во Регистарот на Агенцијата за процесот на рециклирање.

**ДЕЛ Б**

Дополнителни информации во декларацијата за усогласеност за рециклирана пластика

Пишаната изјава од член 11 став (1) на овој правилник треба да ги содржи следните дополнителни информации:

1. Изјава дека процесот на рециклирање е одобрен и во која ќе биде наведен бројот на одобрението во Регистарот на Агенцијата за процесот на рециклирање;
2. Изјава дека суровината од пластика, процесот на рециклирање и рециклираната пластика ги исполнуваат барањата за кои е добиено одобрението и
3. Изјава дека е воведен систем за гаранција на квалитет согласно дел Б прилог 2 од Правилникот за општите барања за безбедност на материјалите и производите што доаѓаат во контакт со храната[1].

[1] Правилникот за општите барања за безбедност на материјалите и производите што доаѓаат во контакт со храната е усогласен со Регулативата (ЕЗ) бр. 2023/2006 на Европската комисија од 22 декември 2006 година за добра производна пракса за материјали и производи од пластика наменети да дојдат во контакт со храна (CELEX број 32006L2023).

[2] Правилникот за посебните барања за безбедност на пластичните материјали и производи што доаѓаат во контакт со храната е усогласен со Регулативата (ЕЗ) бр. 10/2011 од 14 јануари, 2011 година за пластични материјали и производи наменети да дојдат во контакт со храната (CELEX број 32011R0010).

[3] Законот за управување со пакување и отпад од пакување е усогласен соДирективата 94/62/ЕЗ на Европскиот парламент и Советот од 20 декември 1994 година за пакување и отпад од пакување (CELEX број 31994L0062).

[4] Правилникот за општите барања за безбедност на материјалите и производите што доаѓаат во контакт со храната е усогласен со Регулатива (ЕЗ) бр. 1935/2004 на Европскиот парламент и на Советот од 27 октомври 2004 година за материјалите и артиклите наменети да дојдат во контакт со храна и укинување на Директивите 80/590/ЕЕЗ и 89/109/ЕЕЗ (CELEX број 32004R1935).